РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-113/1
10.01 2022 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 124/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18),

Градоначалникот на Општина Велес, на ден 04.01.2022 година донесе:

## Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г2.1 - Лесна градежна индустрија – База за производство на асфалт на КП 10455, КО Велес и пристапен пат, Општина Велес кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 44/15 и 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како засегнати органи од имплементација на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г2.1 - Лесна градежна индустрија – База за производство на асфалт на КП 10455, КО Велес и пристапен пат, Општина Велес се определуваат следниве: Општина Велес, Министерство за животна средина и просторно планирање и Министерство за транспорт и врски.
3. Изработката на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г2.1 - Лесна градежна индустрија – База за производство на асфалт на КП 10455, КО Велес и пристапен пат, Општина Велес, ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземни и површински води, влијание врз почва, влијание по однос на генерирање на отпад, влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух, влијание од бучава и влијание од несреќи и хаварии.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk.
6. Против оваа Одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на животна средина и просторно планирање, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Со почит,

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев